Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

11.03. 2021

**Архивски број:** 02 - 2092/3

# ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ

Оваа политика на приватност дава општи информации за обработката на лични податоци кога ја посетувате нашата интернет страна и/или користите некоја од нашите административни услуги преку истата. Ги собираме само оние лични податоци кои се неопходни да ги оствариме нашите законски задачи и овластувања.

## Контролор на збирки на лични податоци

Контролор на личните податоци е Министерството за транспорт и врски (во натамошниот текст:МТВ), со седиште на Црвена Скопска Општина бр.4, Скопје, Република Северна Македонија.

Личните податоци се обработуваат во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

## Чии податоци собираме

Можеме да собираме податоци поврзани со следниве категории на лица:

- **Посетители на нашата интернет страна** **www.mtc.gov.mk**, Вообичаено собираме податоци за навигација (види подолу) кои се користат за анализирањето на податоците од посетите на нашата веб- страна како и за одржување на информациска сигурност на нашата веб страна. Повеќе за употребата на колачиња прочитајте ја нашата политика за користење на колачиња. **(линк).**
- **Лица кои бараат пристап до информации од јавен карактер врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**. За да се обработат барањата за пристап до информации од подносителите се бара да


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

доставаат одредени податоци, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Категории на податоци кои се обработуваат**

1. Податоци за навигација

При посетата на нашата интернет страна серверот, за секој посетител се креираат логови со следниве податоци:

- Вашата интернет протокол (IP) адреса;
- Уредот од кој пристапувате, вид и модел;
- Вашиот оперативен систем;
- Видот на пребарувачот, plugins и верзија;
- Страните кои ги посетувате на нашата веб-страна и времето кое го минувате на секоја страна;
- URL на страната која ве префрлила на нашата веб-страна и во некои случаи, термините кои сте ги користеле во обидот да ја најдете страната на МТВ;
- Јазикот на пребарувачот кој го користите;
- Држава (се одредува преку IP адресата).

Серверските логови автоматски се бришат во рок од 15 дена, освен доколку околностите налагаат подолго задржување, на пример, за да се истражи вирус или злонамерен напад.

Самостојно ги одржуваме серверите и сите активности на веб страната ги спроведуваме интерно, вклучувајќи ги логовите кои се креираат и анализирањето на податоците кои се пренесуваат од посетите на нашата веб- страна.

2. Податоци кои корисниците доброволно ги доставуваат

Лични податоци кои ги прибираме од Вашата посета на нашата веб- страна, се оние кои Вие доброволно ги доставувате за конкретни цели, како би ни овозможиле да ги оствариме нашите надлежности утврдени согласно со закони. (вклучувајќи податоци потребни за усогласување со законските и регулаторни барања), како што

се поставување на прашања и/или мислења за различни прашања од областа на градежништвото, урбанизмот и сообраќајот.

Може да собереме некој од следниве категории на лични податоци: име и презиме, адреса, контакт телефон, факс, email и потпис.

**Како ги собираме личните податоци**

Личните податоци ги собираме преку различни канали, вклучувајќи:

- преку Вашето користење на нашата веб страна, вклучувајќи ги овде и формите за аплицирање;
- преку нашиот email: info@mtc.gov.mk
  - за деловен простор: www.deloven-prostor.mk
  - за е-одобрение за градење: www.gradezna-dozvola.mk
  - за е-градежно земјиште: www.gradezno-zemjiste.mk
  - за е-урбанизам: www.e-urbanizam.mk
  - за превоз на патници: www.liniskiprevoz.gov.mk
  - за адр одобренија: http://adr-odobrenija.mtc.gov.mk/
  - за инфраструктура: e-soobrakaj.mk
  - за товарен сообраќај: dozvoli-mtc.gov.mk, komisija.mtc.gov.mk ; transporteri.mtc.gov.mk ;
  - преку пошта,
  - по факс,
  - усмено.

За усните барања, се подготвува записник кој се потпишува од страна на лицето кое го поднело усното барање и од страна на лицето вработено во МТВ, кое го составило записникот и заведено во писарницата на МТВ.

**Категориите на корисници на лични податоци**

Активностите на обработка на лични податоци поврзани со on-line услугите достапни преку интернет страната на МТВ, се извршуваат од страна на вработените одговорни за овие услуги или лицата задолжени за извршување на предметните активности.

Не споделуваме податоци за Вас и/или за Вашата посета на нашата веб страна, на трети лица, освен во следните случаи:

- во случај на ангажирање на даватели на услуги ако МТВ ги ангажира како обработувачи со што ќе бидат обврзани да постапуваат по упатствата на МТВ и обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги.
- По барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само ако постои законски основ за тоа.

**Време на чување на собраните податоци**

Податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката и се утврдени во (прегледот) со рокови на чување на личните податоци на МТВ.

**Кои се Вашите права?**

Вашите права во однос на обработката на лични податоци се:

- право да бидете информирани за обработката на личните податоци
- право на пристап до личните податоци
- право на исправка и бришење на личните податоци
- право на ограничување на обработката на личните податоци
- право на приговор

За дополнителни информации и/или остварување на Вашите права за заштита на лични податоци, можете да го контактирате нашиот офицер за заштита на лични податоци чии податоци се објавени на следниот (линк)

**Промена на политиката за приватност**

Политиката за приватност редовно ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности.

**Министер,**
**Благој Бочварски**


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk